РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-261/14
13.03. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 50 седница одржана на 24.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Текстил, дизајн и моделирање", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за технолошки науки Скопје при Универзитет „Мајка Тереза" - СКопје**

1.Се акредитира студиската програма „Текстил, дизајн и моделирање", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технолошки науки Скопје при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран технолог, инженер по текстил, дизајн и моделирање / во меѓународен промет, академски назив: Bachelor of technology, engineer in textile, design and modeling.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.11 Друго – Инженерство за технологии, Научно – истражувачка област: 2.11.06 Текстилно инженерство, 2.11.06.01 Текстилни и техничи влакна, 2.11.06.02 Текстилно механичко инженерство, 2.11.06.03 Хемија на текстил, 2.11.06.04 Технологија на облеката, 2.11.06.05 Дизајнирање на текстил и облека, 2.11.06.06 Конфекционирање и управување со технолошки процес.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02 -108/2 од 28.01.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Текстил, дизајн и моделирање", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технолошки науки Скопје при Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.02-108/3 од 28.01.2022 година (наш бр. 08 - 261/1 од 31.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 13-та седницата одржана на 30.09.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 261/13 од 25.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 50-та седница одржана на 24.02.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски